Јавно претпријатие Улици и патишта
NDËRMARRJES PUBLIKE RRUGË DHE RRUGICA
Бр.-Nr. 04-3268/1
14.09 2026 год.-viti
СКОПЈЕ-SHKUP

www.uip.gov.mk

**ЈП УЛИЦИ И ПАТИШТА**


Жиро сметки:
300000001198471 – Комерцијална банка АД Скопје
210045289640150 – Тутунска банка АД Скопје
270045289640163 – Халкбанка АД Скопје
Даночен број : МК 4030992242332

Адреса:
ул. Коле Неделковски бр. 38
Телефон:
+389 2 3162 317
E - маил:
info@uip.gov.mk


Врз основа на членовите 22, 23 и 24 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 111/23, 39/25, 74/25 и 124/25), а согласно член 22 став (1) алинеа 2 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/19,14/20 и 208/24) и одредбите од Правилникот за систематизација на работните места во ЈП Улици и патишта – Скопје 03-815/1 од 13 февруари 2020 година, Дополнет со измените од Правилникот за измена и дополна на Правилникот за систематизација на работните места во Јавното Претпријатие ,, Улици и патишта" – Скопје 03-815/2 од 26.07.2021 година и од Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на ЈП ,, Улици и патишта" – Скопје 03-815/3 од 20.07.2022 година и од Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на ЈП ,, Улици и патишта" – Скопје 03-815/4 од 28.12.2023 година и Одлука за утврдување на потреба од пополнување на работно место преку склучување на договор за вработување на определено време, број 04-3251/1 од 10.09.2026 година в.д. Директорот на Јавното претпријатие Улици и патишта – Скопје објавува:

**ЈАВЕН ОГЛАС БРОЈ 01/2026**
**За вработување на определено време**

Јавното претпријатие Улици и патишта – Скопје заради привремено зголемен обем на работа објавува оглас за вработување на 17 (седумнаесет) извршители, преку засновање работен однос на определено време до 31.12.2026 година, за следните работни места:

1. **Самостоен референт за јавни набавки,** шифра **КДР0102Г01004** во САМОСТОЈНО ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ, **1 (еден) извршител.**
2. **Соработник во одделение,** шифра **КДР0305Б01138** во Одделение за одржување, изградба и реконструкција на Сообраќајници, СЕКТОР ОДРЖУВАЊЕ И ИЗГРАДБА НА СООБРАЌАЈНИЦИ, **1 (еден) извршител.**
3. **Работник КВ,** шифра **КДР0305В01012** во Одделение за одржување, изградба и реконструкција на Сообраќајници, СЕКТОР ОДРЖУВАЊЕ И ИЗГРАДБА НА СООБРАЌАЈНИЦИ, **2 (два) извршители.**
4. **Помошен работник - ПК Работник,** шифра **КДР0305В02029** во Одделение за одржување, изградба и реконструкција на Сообраќајници, СЕКТОР ОДРЖУВАЊЕ И ИЗГРАДБА НА СООБРАЌАЈНИЦИ, **1 (еден) извршител.**
5. **НК Работник,** шифра **КДР0305В02034** во Одделение за одржување, изградба и реконструкција на Сообраќајници, СЕКТОР ОДРЖУВАЊЕ И ИЗГРАДБА НА СООБРАЌАЈНИЦИ, **1 (еден) извршител.**
6. **Помошник електричар за семафорски инсталации,** шифра **КДР0401А02029** во Оддел за надворешно одржување, Одделение за светлосна сообраќајна сигнализација, СЕКТОР СООБРАЌАЈ, **1 (еден) извршител.**
7. **Техничар во одделение за откривање и поправка на дефекти**, шифра **КДР0305Б04021**, во Оддел за внатрешно одржување, Одделение за светлосна сообраќајна сигнализација, СЕКТОР СООБРАЌАЈ, **1 (еден) извршител.**
8. **Техничар по техничка евиденција, калкулации и пресметки,** шифра **КДР0305Б04005** во Одделение за техничка подготовка, СЕКТОР ЗА ТЕХНИЧКА ПОДГОТОВКА И РАЗВОЈ, **1 (еден) извршител.**

9. **Помлад соработник за координација и организација**, шифра **КДР0102В04033** во Одделение за општи и правни работи, Сектор за општи, правни работи и човечки ресурси, **1 (еден) извршител.**
10. **Хигиеничар**, шифра **КДР0401А03005** во Одделение за општи и правни работи, Сектор за општи, правни работи и човечки ресурси, **1 (еден) извршител.**
11. **Референт за професионална одговорност**, шифра **КДР0102Г02041**, во Одделение за општи и правни работи, Сектор за општи, правни работи и човечки ресурси, **1 (еден) извршител.**
12. **Работник за обезбедување на имот и лица,** шифра **КДР0402А02007** во Одделение за општи и правни работи, Сектор за општи, правни работи и човечки ресурси, **1 (еден) извршител.**
13. **Чувар - патрола,** шифра **КДР0402А03007** во Одделение за општи и правни работи, Сектор за општи, правни работи и човечки ресурси, **1 (еден) извршител.**
14. **Раководител на одделение за финансии**, шифра **КДР0102Б04055** во Одделение за финансии, Сектор за финансиско работење, **1 (еден) извршител.**
15. **Виш соработник за план и анализа,** шифра **КДР0102В02032** во Одделение за финансии, Сектор за финансиско работење, **1 (еден) извршител.**
16. **Виш референт за пресметка на плати**, шифра **КДР0102Г02011** во Одделение за финансии, Сектор за финансиско работење, **1 (еден) извршител.**

**Општи услови:**

- да е државјанин на Република Македонија;
- активно да го користи македонскиот јазик;
- да е полнолетен;
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

**Општи работни компетенции:**

За работното место под реден **број 14:**

- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;
- ориентираност кон странките/засегнати страни;
- раководење и
- финансиско управување.

За работните места под реден **број 9 и 15:**

- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;
- ориентираност кон клиенти/засегнати страни; и
- финансиско управување.

За работните места под реден **број 1,11 и 16:**

- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- ориентираност кон странките/засегнати страни и
- финансиско управување.

За работните места под реден **број 2,7 и 8:**

- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;

За работните места под реден **број 3,4 и 5:**

- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа.

За работните места под реден **број 6,10,12 и 13:**

- не се бара;

**Посебни услови**:

- Работно место под реден број **1 и 11 -** стекнати 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или најмалку вишо или средно образование - **вишо/средно**;
- Работно место под реден број **2 -** стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VI Б степен – **Високо образование;**
- Работни места под реден број **3, 4, 5 и 10 -** стекнато најмалку ниво на квалификации I или **основно образование;**
- Работно место под реден број **6 -** стекнато најмалку ниво на квалификации III, 180 кредити според ЕЦВЕТ или тригодишно средно образование - **Електро;**
- Работно место под реден број **7 -** стекнато најмалку ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четири годишно средно образование - **Електроничар, Електричар, Машинско**;
- Работно место под реден број **8 -** стекнато најмалку ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четири годишно **средно стручно образование (машинска, електротехничка, екномска);**
- Работно место под реден број **9 -** стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен; - **Општествени науки - Економија и бизнис, право, политички науки;**
- Работно место под реден број **12 и 13 -** стекнато најмалку ниво на квалификации III, 180 кредити според ЕЦВЕТ или тригодишно средно образование.
- Работно место под реден број **14 -** стекнати 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен - **Економски науки;**
- Работно место под реден број **15 -** стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен - **Економски науки;**
- Работно место под реден број **16 -** најмалку вишо или средно образование стекнати 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО, вишо/средно - **Економија, Гимназија.**

**Потребно работно искуство:**

- Работните места под реден број **3,6 и 12** - најмалку **една години** работно искуство во струката;
- Работните места под реден број **11,15 и 16** - најмалку **две години** работно искуство во струката;
- Работните места под реден број **1 и 2** - најмалку **три години** работно искуство во струката;
- Работно место под реден број **14** - најмалку **четири години** работно искуство во струката од кои најмалку една година на работно место во јавен сектор, односно најмалку шест години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во приватен сектор;
- Работните места под реден број **4,5,7,8,9,10 и 13** - со или без работно искуство во струката;

**Други посебни услови:**

- Работно место под реден број **12 и 13** - Лиценца за положен испит за обезбедувач на имот и лица;
- Работно место под реден број **14** - Уверение за овластен сметководител; Потврда за положен испит за административно управување;
- Работно место под реден број **16** - Искуство во пресметка на плати, надоместоци од плати и задршки за вработени.

**Паричен нето износ на плата:**

- Работно место под реден број **1 - 46.882,84 денари;**
- Работно место под реден број **2 - 50.421,47 денари;**
- Работно место под реден број **3 - 35.911,25 денари;**
- Работни места под реден број **4 и 5 - 34.199,93 денари;**
- Работни места под реден број **6, 7 и 8 - 38.920,67 денари;**
- Работно место под реден број **9 - 48.652,63 денари;**
- Работни места под реден број **10 и 13 - 35.084,83 денари;**
- Работно место под реден број **11 - 45.110,16 денари;**
- Работно место под реден број **12 - 38.920,67 денари;**
- Работно место под реден број **14 - 55.730,86 денари;**
- Работно место под реден број **15 - 52.779,92 денари;**
- Работно место под реден број **16 - 45.110,16 денари;**

**Распоред на работно време:**

За работни места под реден број **1,8,9,10,11,14,15 и 16:**
- Работни денови: понеделник-петок;
- Работни часови: неделно 40 часа;
- Работно време: 08:00 до 16:00 часот;

За работни места под реден број **2,3,4,5 и 7:**
- Работни денови: понеделник-петок;
- Работни часови: неделно 40 часа;
- Работно време: 07:00 до 15:00 часот;

За работни места под реден број **6,12 и 13;**
- Работа во смени;

**Потребна документација:**

- Пријава во која ќе се наведе за кое работно место од огласот се пријавувате;
- Уверение за државјанство (во оригинал или копија заверена на нотар), **важи за сите работни места;**
- Лекарско уверение, не постаро од една година, издадено од доктор специјалист по медицина на трудот (во оригинал), **важи за сите работни места;**
- Потврда од Централен регистар дека не е изречена прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност и должност не постара од една година (во оригинал), **важи за сите работни места;**
- Диплома за завршено соодветно високо овразование (оригинал или фотокопија заверена на нотар), за работните места под реден број **2, 9, 14 и 15;**
- Диплома за завршено соодветно средно образование (фотокопија заверена на нотар) и сведителства од I до IV година (фотокопија заверена на нотар), за работните места под реден број **1, 6, 7, 8, 11, 12, 13 и 16;**
- Сведителства за завршено основно образование од I до VIII/IX (фотокопија заверена на нотар), за работните места под реден број **3, 4, 5 и 10;**
- Познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европска унија (англиски, француски, германски), за работни места под број **1, 9, 11, 14, 15 и 16**.
- Активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење, преку приложување на потврда, за работни места под број **1, 9, 11, 14, 15 и 16**.
- Историјат од Агенција за вработување (во оригинал), за работните места под реден број **1, 2, 3, 6, 11, 12, 14, 15 и 16**.
- Кратка биографија(CV), **важи за сите работни места;**

**НАПОМЕНА:**

**Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.**

Рокот за поднесување на пријавата и потребната документација се доставува во рок од 3(три) работни дена од денот на објавувањето на огласот на веб страната на Јавното претпријатие Улици и патишта - Скопје и дневните весници преку архивата на Јавното претпријатие или препорачано по пошта на следната адреса: **Јавното претпријатие Улици и патишта – Скопје ул. „Коле Неделковски" бр.38 Скопје - Центар со назнака "НЕ ОТВАРАЈ – ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ ПО ЈАВЕН ОГЛАС БРОЈ 01/2026"**

**Секоја неуредна достава или назнака нема да се разгледува.**

**Пријавата за огласот може да се превземе од интернет страната на ЈП Улици и патишта - Скопје, www.uip.gov.mk**

Кандидатите се должни пријавата да ја пополнат во целост, прецизно и со точни податоци.

Ненавремена, нецелосна и неуредна пополнета пријава, нема да биде предмет на разгледување.

По истекот на рокот за аплицирање и постапката за селекција, само уредните кандидати на јавниот оглас ќе бидат известени (по елктронски пат) за времето и местото на одржување на интервјуто.

По завршување на постапката за селекција и рангирање, најуспешните кандидати ќе бидат вработени во ЈП Улици и патишта – Скопје, на определено време, до 31.12.2026 година.

в.д. Директор
**Борис Настов**